РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-1269/2
24.07.2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство,трговија и услуги
РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 196-2120
23.07.2020 год.
Кочани

# ДОГОВОР

*Склучен помеѓу:*

1. ***Општина Кочани***, со седиште на ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган и

2. Друштво за производство,трговија и услуги **РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани,** со седиште на ул„Ленинова“ б.б. Кочани, ЕМБС 5540232, ЕДБ 4013001114050, жиро сметка 210055402320157 - НЛБ банка, застапувано од управителот Татјана Величкова, (во понатамошниот текст: Носител на набавката).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е

**Набавка на средства за хигиена**

Овој договор се доделува по спроведена Постапка од мала вредност, по Оглас бр.09188/2020 објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда од 09.07.2020 година.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка од 22.06.2020 год. вкупната договорена вредност што може да се плати за купување на стоките опишани во техничката спецификација, односно обезбедените средства за реализација на овој договор **се во висина од** 296.610,16 **денари без ДДВ (18%), односно 350.000,00 денари со вклучен ДДВ 18 %.**

Единечните цени намалени во согласност со Извештајот од е-аукцијата се прилог на овој договор и истите се крајни и непроменливи се до конечна реализација на овој Договор.
Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани за 2020 и 2021 година, Програма Е0 и Т1, ставка 423.
Договорниот орган не е обврзан да ја исцрпи вкупната вредност од ст.1 од овој член.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и испратница, задолжително потпишана од претставници на двете договорни страни.
Плаќањето ќе се врши во рок од 30 дена од приемот на фактурата со испратницата, за стварно испорачани видови и количини на стоки, со опис согласно техничката спецификација, а по единечни цени без ДДВ, утврдени во овој договор.
ДДВ ќе биде посебно изразено во фактурата.

**Динамика и начин на испорака на стоките**

**Член 4**

Набавката ќе се врши сукцесивно, согласно потребите на договорниот орган и по барање/ нарачка од договорниот орган.

Носителот на набавката е должен стоките да ги испорача во рок од најмногу до 24 часа, сметано од денот на нарачката до административна зграда на Општина Кочани.

Нарачката ќе се врши на еден од следните начини:

- со електронски средства на пријавена е-меил адреса на носителот на набавката,
- преку телефон или
- по пошта.

Трошоците за испорака на стоките до местото на испорака се на товар на носителот на набавката.

Количините на сите стоки дадени во техничката спецификација се ориентациони и не се максимални, истите можат да се намалуваат и зголемуваат во текот на реализација на договорот но само во рамките на склучената вредност на договорот од чл.2.

Договорниот орган ќе задолжи лице кое ќе биде одговорно за следење на реализација на предметот на договорот и за вршење нарачка на стоки и прием на нарачаните стоки.

Лицето задолжено од договорниот орган нарачката ќе ја врши со писмено барање за секоја сукцесивна набавка, а барањето ќе ги содржи сите потребни податоци (вид на стока, количина, рок на испорака, лице одговорно за нарачката) за несметано вршење на предметната нарачка.
Испораката на стоката/те ќе се смета за извршена по потпишување на испратница од лицето задолжено од Договорниот орган и задолженото лице на Носителот на набавката.

**Квалитативна и квантитативна контрола**

**Член 5**

Во текот на примопредавањето на стоката се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаниот вид и количина на стоката.

Во случај на испорака на стоки со лош или несоодветен квалитет, носителот на набавката е должен, по претходно усмено или писмено известување од страна на договорниот орган, да изврши замена на неквалитените стоки со квалитетни и соодветни стоки согласно техничката спецификација и понудата избрана за најповолна.

Носителот на набавката е должен да испорачува стоки кои поседуваат квалитет потребен за нивна усогласеност со правилата кои се применуваат за нив и стандарди за квалитет потребни за нивната предвидена употреба.

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**

**Член 6**

Во случај на доцнење со испораката на стоките предмет на набавка од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,3 % од вредноста на договорот со вклучен ДДВ за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на договорот.

Во случај кога договорната казна е предвидена, а испораката на стоката доцни, потребно е веднаш од страна на Договорниот орган по приемот на стоката да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на стока/те предмет на набавка во дополнително оставен рок од 2 /два/ дена, да го раскине Договорот со проста изјава.

Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

**Права и обврски**

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/те ќе му ја врачи на Договорниот орган.

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во состојба погодна за употреба.

**Член 9**

Носителот на набавката е должен испораката на стоката/те да ја изврши во рокот утврден во чл.4 став (2) од овој договор.

**Член 10**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката/ите.

**Применлив закон**

**Член 11**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**Виша сила**

**Член 12**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

**Осигурување**

**Член 13**

До предавањето на стоката/те на Договорниот орган, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоката/те го поднесува Носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз Договорниот орган.

Ризикот не преминува врз Договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стока/и го раскинал договорот или барал замена на стоката/те.

**Член 14**

Договорниот орган може поради неисправни стоки (оштетени стоки или стоки со поминат рок на траење,) да бара од Носителот на набавката, замена на стоката/те во без оглед на тоа кога се појавил недостатокот на стоката. Трошокот за замена на стока/те е на товар на носителот на набавката.

**Член 15**

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок од 2 дена замена на стоката/те, Договорниот орган може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.

**Обештетување**

**Член 16**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

**Член 17**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 18**

Договорниот орган има право на надомест на обична штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, Договорниот орган има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

**Член 19**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

**Решавање на спорови**

**Член 20**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Кочани.

**Времетраење на важноста на договорот**

**Член 21**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на потпишувањето на истиот, или до потрошување на вредноста утврдена во чл. 2 од овој Договор.

## Услови за прекинување или раскинување на договорот

**Член 22**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 23**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 24**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 25**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 26**

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивна испорака), Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

**Член 27**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 28**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 29**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 30**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време

**Заврши и општи одредби**

**Член 31**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 32**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 33**

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за Носителот на набавката, а 4 за Договорниот орган.

**Член 34**

Договорот стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

***Носител на набавката***
***Рики Јуниор ДООЕЛ***
***Управител***

***Татјана Величкова***

***Договорен орган***
***Општина Кочани***
***Градоначалник***

***Николчо Илијев***

Составен дел на овој Договор е :
- листи на цени со намалени единечни цени согласно е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи –Венцо Бојков*
*Согласен: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

**Листа на цени за Набавка на средства за хигиена**

| Ред. бр. | Опис/ вид на стока | Един. мера | Единечна количина | Единична цена без ддв | Единечна цена со ддв | Назив/вид и грамажа на стоката |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Квалитетно и ефикасно течно средство за дезинфекција и чистење на тоалети и санитарија, за отстранување на сите бактерии и нечистотии, со долготраен ефект кој избелува и ароматен мирис на лимон, пакување од 0,75л-1 литар | литар | 1 | 37,98 | 44,82 | Бене, Булеко 1 литар |
| 2. | Течно средство за чистење бигор и рѓа, фосфатен и парфимиран, пакување од 0,5 - 1 литар | литар | 1 | 32,28 | 38,09 | Елви, Булеко 1 литар |
| 3. | Средство за отпушување на одводи од 500 мл до 1литар | литар | 1 | 26,59 | 31,37 | ЗИП, Валкири 1 литар |
| 4. | Течен сапун за миење на раце со ph неутрален фактор, антибактериски, во пакување од 0,3-1 литар со пумпица | литар | 1 | 41,78 | 49,30 | Елви, Булеко 1 литар |
| 5. | Средство за рачно миење на садови, во пакување од 0,3 до 1литар *(дел од овие средства ќе бидат наменети за социјален пакет)* | литар | 1 | 41,78 | 49,30 | Елви, Булеко 1 литар |
| 6. | Абразивно средство за чистење и полирање на керамички, порцелански, емајлирани и други површини, во пакување од 0,5л-1литар | литар | 1 | 32,28 | 38,09 | Сил, Мик Комерц, Србија 1 литар |
| 7. | Солна киселина, 16-20% раствор на HCl, пакување од 0,5 до 1литар *(дел од овие средства ќе бидат наменети за социјален пакет)* | литар | 1 | 22,79 | 26,89 | Ада Холдинг, Штип, 1 литар |
| 8. | Средство за чистење на плочки, пакување од 0,5-1 литар | литар | 1 | 41,78 | 49,30 | Бене, Булеко 1 литар |
| 9. | Средства за чистење на паркет (парфимиран), во | литар | 1 | 37,98 | 44,82 | Домино, Булеко, 1 литар |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | пакување од 0,3-1 литар | | | | | |
| 10. | Средство за чистење на стаклени површини, парфем, пумпа за распрскување, од 500 мл до 1л | литар | 1 | 36,08 | 42,58 | Бене, Булеко 1 литар |
| 11. | Тоалетен сапун за миење раце, цврст, парфимиран пакување од мин.60 до макс.90 гр. *(дел од овие средства ќе бидат наменети за социјален пакет)* | парче | 1 | 13,29 | 15,69 | Билал Сабунчу, Турција, 90 гр. |
| 12. | Пудресто и прашкасто средство за чистење и одмастување на садови со арома на лимон, во чиј состав има максимум 5% анјонски површински активни фосфати | парче | 1 | 30,38 | 35,85 | Сил, Мик Комерц, Србија 500 гр. |
| 13. | Сунѓери со абразивна подлога за миење на садови, димензии мин. 9х5 см*(дел од овие средства ќе бидат наменети за социјален пакет)* | парче | 1 | 11,39 | 13,44 | СА-ЉУ, Македонија |
| 14. | Чистач за стакло, со гумен бришач и мрежаст сунѓер за мушички со димензии на рачка до 50 цм и димензии на делот за чистење од 7,5 цм х 20 цм до 8 цм х 21,5 цм. | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |
| 15. | Чистач за стакло со долга рачка од 50 см до 1м, со гумен бришач и мрежаст сунѓер за мушички со димензии на делот за чистење од 7,5 цм х 20 цм до 8 цм х 21,5 цм. | парче | 1 | 72,16 | 85,15 | Бурдем, Турција |
| 16. | Метла пластична со рачка со димензии на рачка од 80 цм до 120 цм и димензии на делот за чистење од 25 цм до 35 цм. | парче | 1 | 53,17 | 62,74 | Боив, Бугарија |
| 17. | Метла – сиркова 5 пати шиена со дрвена рачка, со димензии на рачка од 80 цм до 120 цм и димензии на делот за | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | чистење од 25 цм до 35 цм. | | | | | |
| 18. | Корпа канцелариска пластична за отпад, мин.10литри, без педал и без капак | парче | 1 | 37,98 | 44,82 | Бурдем, Турција |
| 19. | Корпа канцелариска пластична за отпад, со капак и ножна педала, мин.10 литри | парче | 1 | 68,36 | 80,67 | Бурдем, Турција |
| 20. | Ракавици гумени хигиеничарски големина M,L,XL | пар | 1 | 22,79 | 26,89 | Брегал, Македонија |
| 21. | Ракавици работнички од платно и гума | пар | 1 | 22,79 | 26,89 | Брегал, Македонија |
| 22. | Ракавици за една употреба 1/100 | пакув ање | 1 | 474,75 | 560,21 | Пластик, Бугарија |
| 23. | Тоалетна хартија, минимум двослојна бигувана и перфорирана, 100% целулоза *(дел од овие средства ќе бидат наменети за социјален пакет)* | ролна | 1 | 13,29 | 15,69 | Амика, ПроХарт,Србија 40 гр. |
| 24. | Салфетки бели, двослојна 100% целулоза, со димензии од 25 x 25 до 33 x 33 цм во пакување во пакување од мин. 50 | пакув ање | 1 | 11,39 | 13,44 | Лио Груп, Велес, 50 гр. |
| 25. | Брисачи за раце, минимум двослојна, бигувани и перфорирани,состав 100% целулоза, ширина од 20-30цм | ролна | 1 | 26,59 | 31,37 | Амика, ПроХарт, Србија, 109 гр. |
| 26. | Вреќи за отпад, ПВЦ, големи од 90 до 120 литри, од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 22,79 | 26,89 | Рикопласт, Македонија |
| 27. | Вакум гума за одзатнување на одводи со дијаметар мин. 10 цм. | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |
| 28. | Вреќи за отпад, ПВЦ, мали од 55 до 60 литри од мин. 10 во пакување | парче | 1 | 15,19 | 17,93 | Рикопласт, Македонија |
| 29. | Крпи за бришење со моќ на впивање на течност, со димензии 200x190x4 мм +/- 20% | парче | 1 | 9,50 | 11,20 | Боив, Бугарија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Крпи за чистење на маси и други површини (микрофибер), со димензии 330x330 мм +/- 20% | парче | 1 | 18,99 | 22,41 | Боив, Бугарија |
| 31. | Поцинкована жица за миење садови тежина мин.9 гр. | парче | 1 | 11,39 | 13,44 | Боив, Бугарија |
| 32. | Џогер ПВЦ дршка со висина мин.140 см. со стандарден сунгер мин. 28/9 см. | парче | 1 | 64,57 | 76,19 | Бурдем, Турција |
| 33. | Стандарден сунгер за џогер за чистење на подови (резерва) мин.28/9 см. | парче | 1 | 34,18 | 40,33 | Бурдем, Турција |
| 34. | Сет за чистење - ПВЦ кофа од мин. 10 лит. со цедалка и со рачка и џогер ПВЦ дршка со висина мин.120 см.со памучни конци со должина од 25 см. до 35 см | сет | 1 | 110,14 | 129,97 | Бурдем, Турција |
| 35. | Џогер ПВЦ дршка со висина мин.120 см. со памучни конци со должина од 25 см. до 35 см., | парче | 1 | 60,77 | 71,71 | Бурдем, Турција |
| 36. | Резерва памучни реси со должина од 25 см. до 35 см.за џогер ПВЦ дршка со висина мин.120 см. | парче | 1 | 34,18 | 40,33 | Бурдем, Турција |
| 37. | ПВЦ четка за чистење на WC шоља | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |
| 38. | Стик за WC шоља мин. 30гр., со пластичен држач | парче | 1 | 22,79 | 26,89 | Бене, Булеко, 40 гр. |
| 39. | Четка за собирање на пајажина со димензии на рачка од 80 цм до 120 цм | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |
| 40. | Четка за рибање со дрвена рачка мин.100см и димензии на делот за чистење од 25 цм до 35 цм. | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |
| 41. | Пластична кофа за вода, од 10 до 15 литра | парче | 1 | 3,80 | 4,48 | Бурдем, Турција |
| 42. | Електричен освежувач на просторија со распрскувач во пакување до 0,5 литри, база + рефил | литар | 1 | 341,82 | 403,35 | Аир вик, 150 ml |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 43. | Рефил за електричен освежувач за просторија, во пакување до 0,5 литри | литар | 1 | 75,96 | 89,63 | Аир вик, 150 ml |
| 44. | Освежувач на простории во пакување од 0,2-0,7 литри со распрскувач | литар | 1 | 60,77 | 71,71 | Аер фрешенер, Кина, 330 ml |
| 45. | Прашок за рачно и машиско перење на алишта пакување од 1 кг *(за социјален пакет)* | килограм | 1 | 37,98 | 44,82 | Елви, Булеко, 1 кг. |
| 46. | Шампон за коса од 1л. (од бреза, коприва, камилица) *(за социјален пакет)* | литар | 1 | 41,78 | 49,30 | Тиме, камилица, 1 литар |

***Носител на набавката***
***Рики Јуниор ДООЕЛ***
***Управител***

***Татјана Величкова***

***Договорен орган***
***Општина Кочани***
***Градоначалник***

***Николчо Илијев***

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки- Далиборка Стојанова***
***Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи –Венцо Бојков***
***Согласен: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева***